**20251473285**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35, член 36 став 2, член 39 став 3 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 101 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ, ФОРМАТА И РОКОВИТЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат:

− начинот на доставување, формата и роковите за доставување на статистичките податоци и информации од банките и штедилниците до Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка);

− содржината на податоците и информациите поврзани со кредитната изложеност и нивото на кредитен ризик на банките и штедилниците кон правните и физичките лица, начинот и роковите за доставување податоци.

Одредбите од оваа одлука се однесуваат на банките, филијалите на странски банки и штедилниците во Република Северна Македонија коишто добиле дозвола за работа од Народната банка и Развојната банка на Северна Македонија (во понатамошниот текст: известувачи).

2. Известувачите се должни да доставуваат податоци и информации коишто се однесуваат на:

− известувачот и видот на известување;

− договорната страна на известувачот;

− состојбата на средствата, обврските, капиталот и резервите на крајот на периодот за којшто се известува, вклучително и нивните описни/квалитативни карактеристики коишто се однесуваат на валутната структура, рочноста на достасување, намената и друго;

− тековите поврзани со промените на состојбата на средствата, обврските, капиталот и резервите во текот на периодот за којшто се известува, и тоа одделно тековите врз основа на ценовните промени, отписите на финансиските средства, промените во исправката на вредноста и посебната резерва, како и наплатата на претходно отпишаните побарувања;

− приходите и расходите за периодот за којшто се известува;

− вонбилансната евиденција којашто претставува кредитна изложеност;

− вонбилансната евиденција којашто се однесува на финансиските деривати;

− комисионото работење;

− интерните односи;

− дополнителни податоци и информации за кредитната изложеност на договорната страна на известувачот, вклучително и за усогласеноста на девизната позиција, намената на кредитот во девизи одобрен на резиденти (за плаќање во странство и за плаќање во земјата), намирувањето на обврските, податоци и информации поврзани со видот, намената и карактеристиките на кредитната изложеност и/или клиентот и друго.

За податоците и информациите поврзани со кредитната изложеност и нивото на кредитниот ризик на банките и штедилниците кон правните и физичките лица, известувачите се должни да ги доставуваат податоците и информациите пропишани и со регулативата на Народната банка за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар, во делот на приемот на податоци.

## II. НАЧИН, РОКОВИ И ФОРМА НА ДОСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ДО НАРОДНАТА БАНКА

3. Податоците и информациите од точка 2 од оваа одлука се доставуваат како податоци и информации во износи на ниво на одделна сметка/партија/договор или агрегат, со карактеристики и во согласност со барањата за секое поле дадени во Упатството од точка 7 донесено врз основа на оваа одлука. Податоците и информациите од точка 2 од оваа одлука се доставуваат како податоци и информации на следниов начин:

− Агрегати без договорна страна − готовина, основни средства, залихи, резерви, оперативни и административни трошоци на известувачот;

− Агрегати за хартии од вредност − капитал на известувачот;

− Агрегати со договорна страна − останати позиции на ниво на агрегатот за кои се доставуваат податоци за договорната страна;

− Партија „кредити“ − позиции коишто претставуваат кредитна изложеност, освен вложувањата во хартии од вредност;

− Партија „хартии од вредност“ − средства и обврски врз основа на хартии од вредност, за кои се известува по партија; и

− Партија „останато“ − останати позиции за кои се известува по партија.

4. Известувачите се должни да ги доставуваат податоците и информациите од точка 3 од оваа одлука месечно, најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на месецот за кој се известува.

За состојбата на 31 декември, известувачите се должни да достават податоци до Народната банка во рокот определен во став 1 од оваа точка и во рок од 5 дена по рокот за доставување на неревидираниот годишен финансиски извештај определен со Законот за банките.

5. Податоците и информациите од точка 3 од оваа одлука се доставуваат по електронски пат, во апликација изработена од страна на Народната банка.

6. За комплетноста, точноста и вистинитоста на доставените податоци и информации одговараат известувачите.

Доставените податоци и информации треба да соодветствуваат со податоците во трговските книги, како и со деловната и сметководствената документација на известувачите.

На барање на Народната банка, известувачите се должни да достават дополнителни податоци, информации и документација, заради потврдување на доставените податоци.

На барање на Народната банка, известувачите се должни да достават податоци и информации со состојба на друг датум и во друг рок којшто е различен од состојбата и роковите наведени во точка 4 од оваа одлука.

7. Гувернерот на Народната банка донесува Упатство за спроведување на оваа одлука со кое подетално се пропишуваат начинот, постапката, формата и содржината на податоците и информациите коишто се предмет на известување.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. До 1 јануари 2029 година, известувачите се должни да ги доставуваат податоците и информациите од точка 3 од оваа одлука месечно, најдоцна во рок од:

− 10 (десет) дена по истекот на месецот за кој се известува, за податоците и информациите од точката 3 алинеи 1, 2 и 3 од оваа одлука;

− 12 (дванаесет) дена по истекот на месецот за кој се известува, за податоците и информациите од точката 3 алинеи 5 и 6 од оваа одлука; и

− 15 (петнаесет) дена по истекот на месецот за кој се известува, за податоците и информациите од точката 3 алинеја 4 од оваа одлука.

По исклучок на ставот 1 на оваа точка, до денот на престанувањето на важноста на регулативата на Народната банка за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар во делот на приемот на податоци, известувачите се должни да ги доставуваат податоците и информациите од ставот 1 алинеја 3 од оваа точка во рок од 17 (седумнаесет) дена по истекот на месецот за кој се известува.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне со примена од 1 септември 2026 година.

О бр. 02-24403/6<br>15 јули 2025 година<br>Скопје

Гувернер<br>и претседавач на Советот<br>на Народната банка на<br>Република Северна Македонија,<br>д-р **Трајко Славески,** с.р.